СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# Тематска анализа/дијагностика: **Спорт и млади**

## Извршно резиме

Спортот преставува алатка за постигнување на подобар социјален и економски развој и придонесува кон градење на прогресивно, толерантно и инклузивно општество. Во глобални рамки се укажува дека значајноста на спортот е тесно поврзана со општествените, економските и културните текови. Спортот е значителен поттикнувач кон исполнување на Целите за одржлив развој 2030, особено кон целите на здравството, образованието, родовата еднаквост и социјалната инклузија.

Спортот како социјален феномен е круцијален и етаблиран дел од современото општество и речиси е невозможно да се замисли секојдневието без учество или пак организација на спортски настани. Масовниот спорт пак е основа за унапредување на здравствената состојба на граѓаните и игра важна улога при обезбедување на долг и квалитетен живот. **Редовното практикување на физичка активност обезбедува различни општествени и здравствени придобивки.** Физичката активност придонесува кон унапредување на физичкото и менталното здравје, има позитивно влијание на конгнитивниот развој како и на едукативните перформанси и учење.

Покрај унапредување на јавното здравје, спортот и физичката активност значително допринесуваат и кон **обезбедување на инклузивно и квалитетно образование за сите и промоција на доживотно учење**. Доколку образовната програма е комбинирана со физичка активност и спорт едукативните перформанси се повеќекратно зголемени. Имено, според истражувањата објавени во студијата ,,Здравје и Академското постигнување“при Националниот центар за превенција и промоција на хронични болести[1], учениците кои се физички активни имаат тенденција да имаат подобри оценки, подобри когнитивни перформанси (на пр. меморија) и однесувања во училницата (на пример, однесување на задача). Дополнително, преку учество во спортско-рекреативни активности, децата и младите се учат на најважните спортски вредности и социјални вештини како тимска работа, фер игра, соработка, почитување на правила и толеранција. Овие вештини се клучни и за професионалниот живот, зашто младите се стекнуваат со животни вештини кои можат да се искористат надвор од училиштето, вклучително и на работното место.

Младите се тие кои ги почнаа, ги прават и ќе ги прават сите важни промени во опшетството и токму тие мора да се вклучуваат во процесите на донесување на одлуки и заедно со нив да се гради општество по нивна мерка, каде нивниот глас нема да биде само бројка, туку ехо на позитивни промени.

Младите се носители на позитивните промени и идна движечка сила на социјалниот и економскиот развој и тие имаат клучна улога во градење на темелите за иднината на нашата земја и оваа категорија носи огромен потенцијал како клучен ресурс за општествен напредок. Затоа, особено важно е да се обезбедат инклузивни политики кои ќе овозможат непречен пристап на младите за нивно активно учество во процесите на донесување на одлуки и креирање на политики по нивна мерка. Инвестирањето во младите подразбира развој на компетенции, вештини и знаења како и обезбедување на можности и услови за подобро образование и вработување, а со тоа и подобрување на нивниот животен стандард и својата сегашнот и иднина да ја градат во сопствената држава.
Младите во РСМ се соочуваат со сериозни предизвици кои се резултат на неповолната и неконзистентната општествена и економска состојба. Тоа има негативно влијание врз нивната позитивна проекција за сопствената иднина. Еден од најважните предизвици на младиот човек

[1]https://www.cdc.gov/healthyyouth/health_and_academics/pdf/health-academic-achievement.pdf

е како да дојде до пристојна работа и како да се реализира себеси во рамките на својата професија и кариерните аспирации.

За младите да имаат желба и мотив за работа, потребно е да им се понуди можност за работа, да имаат реална конкуренција, каде што може да се натпреваруваат со знаења, идеи и долгорочни и одржливи стратегии и спроведување на политиките во чиј центар се младите е клучно за општеството во целост.

**Младинското учество** е основа за креирање на младинските политики и се однесува на активно учество на младите кои пренесуваат иницијативи, идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството. Процесот во кој се мапираат потребите, барањата и предизвиците со кои се соочуваат младите како и изнаоѓање на посакувани решенија треба да биде сеопфатен и долгорочен. Креирањето на долгорочни и одржливи стратегии и спроведување на политиките во чиј центар се младите е клучно за општеството во целост.

Според истражувањето во рамки на ,,Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања, (2021, Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија) 69,4% од младите никогаш не биле консултирани од властите, ниту на локално ни на централно ниво. [2]

---

[2] https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/08/Studija-Socio-Politicko-Ucestvo-na-Mladi-2021-MK-sml-1.pdf